Македонија

МАКЕДОНИЈА: ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗА 2009 ГОДИНА

Биро за Демократија, Човекови Права и Труд
11 март, 2010 година

Република Македонија е парламентарна демократија со население од околу 2.1 милиони. Претседателот, кој што се избира на непосредни избори, е шеф на државата и врховен командант на вооружените сили. Еднодомниот парламент (Собрание) ја врши законодавната власт. На 22 март и на 4 април државата одржа претседателски и општински избори (со дополнителни изборни кругови во некои општини на 19 април и 3 мај)и Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) оцени дека истите ги исполнија најголемиот број меѓународни стандарди за демократски избори. Цивилните власти генерално одржуваа делотворна контрола врз безбедносните сили.

Имаше извештаи дека припадници на органите на прогон и на затворите тепале притворени лица и затвореници и дека властите неадекватно ги истражиле или кривично гонеле наводите за злоупотреба. Затворите беа претрупани и имаше извештаи дека условите во нив биле нехумани и деградирачки; набљудувачите известуваа за широко распространета корупција меѓу затворскиот персонал. Имплементацијата за судските реформи продолжи да се оддолжува, а политичкиот притисок и заплашувањата ја попречуваа делотворноста на судството. Несогласувањата во врска со владината поддршка за православна црква на главниот плоштад во Скопје придонесе за меѓуетнички тензии и отвори прашања за владината инволвираност во религиозните работи. Недостатокот од делотворна полициска заштита за протестирачите предизвика загриженост по однос на правото на собирање. Имаше извештаи за дискриминација на лицата со посебни потреби и Ромите. Тензиите меѓу етничкото македонско и етничкото албански население продолжи да влијае врз области како што се образованието, вработувањето и политичката партиципација.

ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Оддел 1 Почитување на интегритетот на личноста, вклучително и заштита од

а. Арбитрерно или незаконско лишување од живот

Немаше извештаи дека властите или нивни претставници извршиле арбитрерни или незаконски убиства.

б. Исчезнувања

Немаше извештаи за политички мотивирани или други исчезнувања.

в. Тортура и други видови сурово, нехумано или деградирачки третман или казнување

Законот забранува такви практики; сепак, имаше веродостојни извештаи дека полицијата од време на време употребувала прекумерна сила во текот на приведувањето осомничени сторители на кривични дела и дека злоупотребувала притворени лица и затвореници.

Во ноември 2008 Комитетот за превенција на тортура (КПТ) на Советот на Европа објави извештај за својата посета на затворите и притворските установи во земјата во јуни-јули 2008. Извештајот наведува дека одреден број притворени лица се жалеле на лош третман од страна на припадниците на органите на прогонот, што главно се манифестирал како клоцање, тупаници и удари со палки или рачки од пиштоли или други предмети, а кои наводно често биле применувани пред или во текот на испрашувањето, со цел за добивање признание или информации или како казна. Други наводи исто така се однесуваа на употреба на прекумерна сила за време на апсење. Извештајот на КПТ наведува дека нивната делегација прибавила докази во прилог на ваквите наводи преку интервјуата со затворениците, а во еден случај и преку медицински докази што укажувале на злоупотреба. Во повеќе случаи наводите се однесувале на неуниформирани полициски офицери, особено на припадници на Посебните мобилни полициски единици, општо познати како „Алфи".

По посетата на КПТ, Министерството за внатрешни работи ги распушти „Алфа" единиците во земјата, со исклучок на единицата во Скопје. Според Извештајот на Европската комисија (ЕК) за напредокот на земјата во 2009 објавен на 17 октомври, распуштањето на „Алфа" единиците значително ги намалило жалбите за лошо постапување.

КПТ исто така извести за наводи за лошо постапување кон затвореници од страна на персоналот на затворите што ги посети. Наводите претежно се однесуваа на затвореници што биле тепани со палки, како и дека биле клоцани и удирани со тупаници. Освен тоа, неколку малолетници во Воспитно-поправната установа што од 2001 година е лоциран во Затворот во Скопје, се жалеа дека затворските чувари ги удирале со палки, и повеќемина побараа од делегацијата на КПТ да се погрижат палките да бидат остранети од кругот на установата.

Во текот на првата половина од годината, Единицата за професионални стандарди (ЕПС) извести дека примила 33 пријави против полициски офицери заради употреба на прекумерна сила и дека во два од овие случаи утврдила дека има основ за истрага.

Македонија

Во својот извештај од ноември 2008, делегацијата на КПТ наведе дека примила многу жалби дека јавните обвинители и судиите не преземале дејствија во врска со наводи за лошо постапување кога истите им биле предочувани. Извештајот на ЕК од 17 октомври за напредокот на земјата наведува дека националните процедури за справување со наводите за лошо постапување со затворениците сеуште се неделотворни и дека наводите за лошо постапување недоволно се истражуваат и дека престапниците кривично не се гонат. Извештајот на КПТ од ноември 2008 исто така заклучува дека властите не презеле никакви активности за зајакнување на заштитата од лошо постапување од страна на полицајците и од лошо постапување кон затворениците (вклучително и кон малолетници) од страна на затворскиот персонал.

На 27 мај јавниот обвинител на Скопје отвори истрага против четворица затворски чувари обвинети за употреба на прекумерна сила против неколкумина притворени во државната притворска установа во скопско Шуто Оризари на 17 март. Канцеларијата на Народниот правобранител извести дека видео и медицински докази покажале дека чуварите врзувале затворени лица за радијатори и ги тепале додека истите не даделе изјави. Министерството за правда првично ги суспендираше затворските чувари и подоцна парично ги казни и ги опомена, но потоа им дозволи да се вратат на должност. Народниот правобранител ги достави претставките на затворениците до јавниот обвинител за натамошна истрага и можно обвинение за тортура. На крајот на годината случајот сеуште чекаше на разрешница.

Во текот на годината ЕПС постапуваше по пријава од македонскиот Хелсиншки комитет за човекови права за случај од октомври 2008, во кој што припадник на полицијата употребил прекумерна сила против притворено лице. ЕПС извести за недостаток од докази и се повика на немање волја кај наводната жртва за соработка со ЕПС. ЕПС поднесе посебен извештај до Основното јавно обвинителство во Тетово и Основниот суд Тетово го осуди полицаецот и му изрече условна осуда на 2-ри јули. На 7-ми октомври Апелациониот суд ја укина првостепената пресуда и го осуди полицаецот на казна затвор во траење од 8 месеци.

На 24-ти септември, инспекторите на ЕПС утврдија дека тројца полицајци од Скопје сторите кривично дело „Злоупотреба на службена должност" на начин што употребиле присилба против едно лице во подземна гаража во ноември 2008. ЕПС поднесе посебен извештај до Јавното обвинителство, но истиот не беше проследен со внатрешна дисциплинарна постапка затоа што 90-дневниот рок по кој што настапува застареност веќе беше истечен. По разгледување на случајот, Канцеларијата на јавниот обвинител во Скопје поднесе барање за отворање на

кривична истрага. Истрагата беше во тек при крајот на годината.

Во текот на годината, Министерството за внатрешни работи изрече мерка намалување на плата на службено лице за 15 проценти за период од три месеци по спроведената истрага на ЕПС во текот на август 2008 година за случај од Тетово во кој што полициски инспектор од Тетово употребил прекумерна сила врз граѓанин.

Во својот извештај од ноември 2008 година, КПТ наведува веродостоен податок дека полициски службеник извршил сексуална злоупотреба врз лице притворено во полициска станица ноќно време, по што двајца помлади полициски службеници наводно го измиле со црево притвореното лице во неговата ќелија.

Услови во затворите и центрите за притвор

Извештајот на ЕК за напредокот на Македонија од 17 октомври и извештајот на КПТ во ноември 2008 година ги опишуваат условите во неколку единици од затворот Идризово како „нечовечки и деградирачки".

Извештајот на ЕК забележува дека пренатрупаноста во затворите останува голем проблем и дека здравствениот систем во државните затвори е несоодветен. За време на посетата на затворите во јуни-јули 2008 година, КПТ забележал неколку видни подобрувања во затворите и забележал дека општо земено ситуацијата продолжила да се влошува. Во затворот Идризово, КПТ открила дека поголемиот дел од ќелиите се бедни, небезбедни и нехигиенски. Во скопскиот затвор, КПТ забележал продорна влага, распаѓање и нехигиенски услови и прибележала дека пренатрупаноста „станала поакутна" од претходната посета на КПТ во 2007 година. Во еден случај, КПТ забележал дека седум затвореници делат пренатрупана ќелија со четири кревети во период од 23 часа и 40 минути дневно. КПТ открила дека затворениците се чуваат во „целосно несоодветни" услови во скопскиот затвор и затворот Идризово.

Официјалните извештаи укажувале на тоа дека тројца затвореници извршиле самоубиство во затворот Идризово во текот на годината, а еден затвореник извршил самоубиство во затворот во Тетово. Народниот правобранител забележал недостиг од соодветна обезбедување во затворите за лицата со психички здравствени проблеми.

На 2 февруари, Судскиот совет го разрешил истражниот судија Мирослав Трифуновски заради нестручно и несовесно постапување при спроведување на истрагата на сомнителната смрт на новинарот Владо Таневски во затвор во 2008 година, за кој се

тврдеше дека се удавил во кофа со вода во својата ќелија. Во тоа време, Таневски ја делел ќелијата со уште тројца затвореници, меѓу кои еден бил осуден за убиство. Делегацијата на КПТ прашуваше зошто властите го сместиле Таневски во ќелија заедно со други три осудени лица кога имало празни ќелии наменети за притворени лица кои до судењето требало да останат во притвор, зошто по смртта на Таневски останатите затвореници не биле одделени или ставени во различни ќелии и зошто затворениците сместени со Таневски во ќелија побарале да ја исчистат ќелијата пред да биде утврдена причината за смртта, со што го оневозможиле судско-медицинското испитување на сцената на настанот.

Министерството за правда пријави дека на почетокот од годината државата имала сместено вкупно 2.379 притвореници и затвореници, вклучително и малолетни лица, иако вкупниот капацитет на сите објекти бил наменет за само 2.175 лица.

Народниот правобранител пријавил дека иако малолетните затвореници биле одделени од другите затвореници, имало можности двете групи да комуницираат за време на слободните активности во дворот на затворот. Извештаите на ЕК и КПТ наведуваат проблеми по однос на спојувањето на малолетни и возрасни затвореници, со тоа што извештајот на КПТ ваквиот аранжман го нарекува „целосно неприфатлив".

Владата вообичаено им дозволувала пристап до осудените затвореници на независните хуманитарни организации и народниот правобранител. Законот дозволува пристап на членови на семејството, доктори, дипломатски претставници и претставници од КПТ и Меѓународниот комитет на Црвениот Крст до притворени лица со одобрение од истражен судија. Судиите вообичаено давале такви дозволи. Меѓутоа, при својата посета КПТ ги потенцирала како „неверодостојни информациите" добиени од властите во поглед на употребата на средства на ограничување на однесувањето во затворите, постапката на прием на нови затвореници и пристапот до рекреативни активности на отворено како „јасни примери" на недостиг на соработка со властите.

Во својот извештај од 17 октомври, ЕК забележува дека е направен одреден напредок во затворите, особено дека е завршено реновирањето на одделот за хронично болни затвореници и притворени лица со инвалидитет во затворот Идризово и дека е завршено ново крило во скопскиот затвор. Народниот правобранител исто така пријави дека системот на кутии за анонимни поплаки во затворите му обезбедил подобар увид до проблемите на затворениците.

Во текот на годината владата продолжи со реновирањето на неколку затворски и притворски установи што беше започнато во

2008 година и го прошири капацитетот за сместување за дополнителни 420 затвореници/притвореници.

г. Арбитрерно лишување од слобода или притворање

Законот забранува арбитрерно лишување од слобода и притворање, сепак, арбитрерното лишување од слобода и притворање претставувале проблем.

Улога на полициското и безбедносниот апарат

Државната полиција е централизирана служба во рамките на Министерството за внатрешни работи, составена од униформирана полиција, криминалистичка (цивилна) полиција и гранична полиција. До средина на годината, 20,3 проценти од припадниците на полицијата биле од малцинствата, што било помалку од квотата од 25 проценти предвидената од владата. Етничките Албанци сочинувале 25,2 проценти од населението и околу 16 проценти од полициските сили.

Меѓународните набљудувачи и локалните невладини организации (НВО) укажуваа дека корупцијата, недостиг од транспарентност и политички притисок во рамките на Министерството за внатрешни работи негативно влијаеја на усилбите за борба против криминалот, а особено организираниот криминал.

Неказнувањето на полицијата остана проблем, иако имаше подобрувања како резултат на агресивните внатрешни истраги и активниот народен правобранител.

Беше пријавена корупција кај персоналот во затворите. Според извештајот на ЕК од 17 октомври, не постоеја делотворни механизми за превенција и борба со корупцијата кај персоналот на затворите. По посетата во јуни-јули 2008 година, КПТ наведе дека примиле жалби за наводні злоупотреби од скоро секој затвореник во затворот Идризово со кој што разговарале, а во во врска со вмешаноста на персоналот во трговија со мобилни телефони, дрога и друга нелегална стока, додека директорот на скопскиот затвор самиот ја призна вмешаноста на персоналот на затворот во трговија со мобилни телефони. Извештајот на ЕК исто така забележува дека продолжило политичкото влијание по однос на именување лица на управувачки позиции во затворите, што го нарушувашд континуитетот и одржливоста на стратешкото планирање.

Во декември 2008 година, народниот правобранител отвори истрага во врска со наводи за дискриминација што се состоеле во поповолен третман на жени затвореници во затворот Идризово. Медиумите објавиле дека одреден број жени затвореници, вклучително и такви кои биле неодамна осудени за тешки кривични дела, брзо добивале специјален статус и поблаг

третман, вклучувајќи и викенди надвор од затворот. Народниот правобранител ги испитуваше ваквите наводи за да утврди дали корупцијата или дискриминацијата одиграле некаква улога за поблагиот третман.

ЕПС ги спровела сите внатрешни истраги во врска со наводи за за полициска злоупотреба. Во извештајот од 2008 година, КПТ забележа дека „не е убедена" дека ЕПС може да се смета за орган што е независен од полицијата и дека во случаи кога се работи за истраги на наводи за злоупотреба од страна на припадници на органите на прогон, ЕПС „не може да се смета за независно тело кое е способно да спроведува делотворни, темелни и ефективни истраги". По посетата на КПТ, меѓународните набљудувачи забележале зголемена независност на ЕПС од полициските функции, проширување на единицата и забрзана обука на припадниците на ЕПС со цел подобрување на истражните капацитети. Извештајот на ЕК за напредокот од 17 октомври забележува дека „контролата врз полицијата воопшто, а особено специјалните единици, е многу поефективна, делумно поради зголемените внатрешни ревизии со цел да се обезбеди почитување на професионалните стандарди". Извештајот дополнително утврдува дека „истрагите биле спроведувани во согласност со меѓународните стандарди". Извештајот утврдува дека иако недостига независен надворешен механизам, контролата врз полициската работа е подобрена со зајакнување на овластувањата на јавниот обвинител во истражната постапка. Иако припадниците на ЕПС покажале одредено подобрување во делотворно спроведување на внатрешни истраги, и понатаму постои загриженост поради малиот број на завршени истраги и недостигот од обвинителни постапки за отворени случаи за повреди на човековите права од претходни години.

Во текот на годината граѓаните поднеле 252 поплаки за однесување на полицијата до народниот правобранител.

Во првите шест месеци од годината, Министерството за внатрешни работи, постапувајќи по препораките на ЕПС изрекло мерка намалување на платата за 101 вработен, отпуштило 12 вработени во полициските сили и прераспоредило други 12. Во текот на годината ЕПС отвори постапка против 26 вработени. Претставници од меѓународни организации, вклучително и ОБСЕ, ЕУ и странски мисии продолжија да ги следат активностите на полицијата и да го советуваат Министерството за внатрешни работи по однос на полициските реформи.

Лишување од слобода и притвор

Законот бара налог издаден од истражен судија за лишување од слобода и притвор и полицијата главно го следела ова побарување.

Македонија

Законот пропишува дека обвинителите мора да отворат постапка против притвореното лице во период од 24 часа по апсењето. По барање на обвинител, истражниот судија може да нареди краткотраен притвор на осомничени лица најмногу до 72 часа. Во пракса полицијата главно се придржувала до ваквите процедури.

Законот дозволува притвореното лице да има присутен адвокат за време на полициската и судска постапка. Претходно, административниот услов дека посетите треба да бидат одобрени од страна на истражен судија и усогласени со времето за посети на притворската установата, го отежнуваше пристапот на притворените лица до нивните адвокати. Во јули владата презеде мерки за обезбедување слободен пристап на правните застапници до нивните клиенти во притвор во текот на редовното работно време, без потреба од судски налог или друго систематско барање за владино одобрување. Законот утврдува властите да им обезбедат адвокати на сиромашните обвинети и во пракса властите најчесто ја почитувале ваквата обврска.

Законот дозволува пристап на најблиските членови на семејството до притворените лица и тоа генерално било почитувано, иако ваквиот пристап не бил секогаш навремено остваруван. Законот утврдува дека истражен судија мора да одобри пристап.

Имало пријави дека полицијата продолжила да повикува осомничени лица и сведоци во полициска станица на „информативни разговори" без да им ги соопшти нивните права. Повеќето наводи за ваквата пракса се однесуваат на обвинувања дека полицијата ги бирала поединечните лица од политички причини. Полицијата не ги лишувала од слобода ваквите лица, ниту ги задржувала подолго време.

Во одговор на забележани неправилности во евидентираните податоци и недостигот од почитување на правата на притворените лица, Министерството за внатрешни работи спровело испитување на регистрите на притворени лица и изготвило стандардни оперативни постапки за нивен притвор и третман. Ваквите процедури пропишале обврска за назначување одговорни службеници за соодветно процесуирање и третман на притворени лица.

Постоел функционален систем на ослободување со гаранција. Законот пропишува првична должина на притвор пред судење во траење од 30 дена, со можно продолжување до вкупно 180 дена, доколку совет од тројца судии нареди 60-дневно продолжување заради дополнителна истрага и ако повисок суд нареди дополнително 90-дневно продолжување. Продолжувањето на притворот за уште 90 дена е дозволено само во случаи кога

кривичното дело што е предмет на истрага е казниво со затвор во траење од најмалку пет години. По поднесено обвиниение, максималното траење на притвор пред судење е две години, во зависност од тежината на кривичното дело. Податоците од првата половина од годината покажале намалување во бројот на случаи на притворени лица пред судење, бидејќи судиите ја зголемиле примената на мерките куќен притвор и ослободување со гаранција.

д. Оневозможување правично и јавно судење

Уставот и законите обезбедуваат независно судство, но сепак владата, политичкиот притисок, заплашување и корупцијата влијаеле врз судството. Неколкумина судски функционери ја обвинија владата дека ја користи својата буџетска надлежност за вршење контрола врз судството. Годишниот судски буџет како дел од националниот буџет опадна од 2 проценти во 2004 година на 1,2 проценти во 2009 година. Во текот на годината судскиот буџет беше намален за 4,5 проценти, што резултираше со намалување во категориите капитални инвестиции, плати и надоместоци, отежнувајќи им на судовите да ги извршат некои од предвидените реновирања на објектите и пополнување на слободните работни места. Политичкиот притисок исто така влијаеше врз изборот на нови судии и работата на Судскиот совет, телото одговорно за изборот, дисциплинирање и разрешување на судии.

Во текот на годината Европскиот суд за човекови права донесе 16 пресуди со кои што утврди дека во два случаи имало повреда на правото на слобода и безбедност, во два случаи повреда на правото на правично судење, во еден случај повреда на слободата на движење, во еден случај повреда на правото на здружување и во 10 случаи повреда на времетраењето на судска постапка.

Државата има тристепен судски систем составен од основни судови, апелациски судови, управен суд и врховен суд. Уставниот суд, кој не се смета за дел од судството, се занимава со прашања од уставна природа и одредени прашања во врска со заштита на човекови права.

На 1 јуни, седум етнички Албанци беа осудени на 15 години затвор за поставување експлозивна направа на патот Куманово-Сопот во 2003 година; експлозијата усмрти двајца полски НАТО војници и еден цивил и сериозно повреди други двајца. Еден од седумте осудени почна да ја издржува казната; на другите шестмина им се судеше во отсуство. Четири други етнички Албанци беа осудени во 2004 и 2006 година и издржуваа казна затвор во трање од 10 до 14 години. Во август во Собранието беше формирана работната група „Сопот" со цел да се утврди

дали во случајот имало повреди на човековите права и да се подготват препораки. Работната група заклучи дека се сторени повреди на човековите права и поднесе извештај до собраниската Анкетна комисија за човекови права во декември. Комисијата заседаваше со цел усвојување на заклучоците до почетокот на 2010 година.

Владата продолжи да доцни со имплементацијата на дел од судски реформи, што доведе до намалена ефикасност на судовите. Имаше сериозен заостаток на судски предмети, од кои што поголемиот дел се однесуваана извршување граѓански пресуди. Врз основа на неофицијалните извештаи на владините тела, до јуни, основните судови одлучиле по однос на само 29,9 проценти од вкупниот број предмети во работа. На 30 јуни, Собранието го одложи датумот за пренос на извршните предмети од судовите на судските извршители од 1 јануари 2009 година на 1 јули 2010 година, оставајќи ја одговорноста за заостанатите нерешени случаи кај судовите.

Првостепени постапки

Осомничените се сметаат за невини се додека не се докаже нивната вина. Вообичаено, судењата се отворени за јавноста. Државата не користи порота. Полесните предмети се судат пред еден судија, додека потешките предмети се судат пред совет во состав од еден или двајца професионални судии и двајца до тројца судии поротници. Судските совети ја утврдуваат вината и носат пресуди. Советот вообичаено ги следи препораките на судијата претседател. Обвинетите имаат право на адвокат во првостепените постапки. Законот утврдува обврска за судовите да обезбедат правни застапници за неимотните обвинети на јавен трошок и властите вообичаено ја почитувале ваквата обврска. Обвинетите може да ги испитуваат сведоците и да поднесат докази во своја корист. Обвинетите и нивните правни застапници имаат право на пристап до доказите што ги поседуваат властите, но ова не секогаш се применувало во пракса. И обвинителите и обвинетите имаат право да поднесат жалба на пресуда.

Законот утврдува дека судовите може да ги судат обвинетите во отсуство само доколку го повторат судењето во случај осудените лица подоцна да станат достапни за судските органи.

Во текот на годината судовите почнале селективно да објавуваат граѓански и кривични пресуди на нивните електронски страници, но јавниот пристап до пресуди и судски одлуки остана ограничен. Во текот на годината судовите одбиле најмалку седум одделни барања за издавање копии на пресуди за предмети што предизвикале внимание во јавноста.

Македонија

Политички затвореници и притворени лица

Немаше пријави за политички затвореници или притворени лица.

Граѓански судски постапки и правни лекови

Граѓаните имале пристап до судовите за поднесување тужби за за оштета по основ повреда на човекови права, како и тужби за престанок на повреда на човекови права. Поединечни лица може да поднесуваат тужби за повреда на човекови права од страна на кривични или граѓански судови или управен суд, во зависност од видот на повредата или сторителот на наводната повреда. Поединечни лица може исто така, да поднесат жалби против негативни одлуки. Законот го утврдува правото на навремено судење и го наведува како правен основ за поднесување тужба до Врховниот суд за заштита од прекумерно трање на судските постапки.

ѓ. Арбитрерни упади во правотот на приватен живот, семејство, дом или преписка

Законот забранува такви активности и владата генерално во праксата ги почитуваше ваквите забрани.

Дел 2. Почитување на граѓански слободи, вклучително:

а. Слобода на говор и печат

Уставот обезбедува слобода на говор и печат и владата во пракса генерално ги почитуваше ваквите права. Меѓутоа, законот забранува говор што поттикнува национална, религиозна или етничка омраза и законот пропишува казни за оние програмски дистрибутери што ќе ги прекршат ваквите закони.

Имало пријави дека владата и бизнисите индиректно вршеле притисок врз медиумите и дека новинарите се само-цензурирале. Владата е еден од најголемите купувачи на реклами во државата и ги фаворизираше изданијата и новинарите што таа ги сметаше за пријателски. На 26 јануари, претседателот на НВО Транспарентност Македонија упати критика до владата за нетранспарентно трошење државни пари и рекламирање само во одбрани медиуми.

Поединци можеа јавно да ја критикуваат владата без последици, а владата не се обиде да спречи критки.

Медиумските институции и новинарското известување беа поделени по етничка и политичка линија, со тоа што поделбите беа највидливи по однос известувањето за контроверзни политички прашања. Имаше поплаки и обвинувања за владин

притисок, дури и за закани против медиуми кои не известувале позитивно за владата.

Во декември 2008 година, по упатените критики од медиумите, владејачката политичка партија, ВМРО-ДПМНЕ објави дека ги повлекува тужбите за клевета против 12 новинари во врска со нивното политичко известување. На 28 јуни, Здружението на новинари на конференција за печат изјави дека владата всушност ги заменила кривичните тужби со граѓански, наместо целосно да ги повлече како што првично беше најавено во соопштението на ВМРО-ДПМНЕ.

Независните медиуми беа активни и изразуваа широк спектар видувања без ограничувања. Сепак, неколку коментари и воведни статии на Меѓународниот ден за слобода на печатот (3 мај) пишуваа дека притисокот од политички и бизнис интереси го спречува развојот на понезависен печат. На 30 јуни, Центарот за граѓански комуникации забележа дека на медиумите во државата им недостасува професионален пристап кон известување за корупција.

Имаше шест поголеми приватни дневни весници на македонски јазик и три на албански јазик. Меѓународните весници и неделници беа достапни низ државата. Македонската радио телевизија (МРТВ), која генерално ги фаворизираше владините гледишта по политичките прашања, беше единствениот државен јавен медиум.

Имаше пет приватни телевизии со национална покриеност, 16 национални телевизиски станици преку сателит и 57 приватни локални и регионални телевизиски станици. Повеќето од нив прикажувале вести и отсликувале најразлични гледишта. Имаше 70 независни радио станици. Сите поголеми електронски и печатени медиуми нудеа ажурирани веб изданија. Блоговите и интернет социјалните мрежи исто така придонесоа кон развојот на слободата на говорот.

На 16 јуни, пратеникот Амди Бајрам изврши вербален напад врз новинари во Собранието. По бројните критики за неговиот груб напад, Бајрам му се извини на печатот.

На 4 мај, Здружението на македонски новинари објави дека се во тек се повеќе од 160 кривични постапки за омаловажување, клевета и навреда. Законот пропишува само парични казни во такви дела. Здружението објави дека судовите ги задолжиле новинарите да платат над 250.000 евра (358.000 долари) по тужби поднесени во 2007 и 2008 година. Во неколку случаи, судот не ги казнил обвинетите лица кои се извиниле пред судот.

Македонија

Во октомври 2008 година Апелациониот суд ја усвои жалбата на новинар против пресуда на Судот од Битола со која новинарот бил казнет на парична казна во висина од 720.000 денари (14.400 долари) за објавување напис за судија кој бил казнет од страна на полицијата за управување на возило под дејство на алкохол. Апелациониот суд го вратил случајот во основниот суд на повторно судење. Повторното судење беше во тек при крајот на годината.

На 28 мај, скопскиот Апелационен суд ја отфрли жалбата на Љубомир Фрчкоски против судската пресуда од декември 2008 година со која тој беше осуден за клевета на премиерот Никола Груевски во колумна што тој ја објавил во 2007 година. По ова, Фрчкоски побарал од канцеларијата на обвинителот во негова заштита да поднесе посебна барање за заштита на законитоста пред Врховниот суд. При крајот на годината, канцеларијата на јавниот обвинител не одговори на неговото барање, иако 30-дневниот рок за одговор на таквото барање беше истечен. НВО Известувачи без граници ја критикуваа одлуката како повреда на слободата на печатот. Европскиот суд за човекови права ја прифати иницијативата на Фрчкоски да го разгледа случајот.

На 25 март, Врховниот суд ја поништи ослободителната пресуда на Апелациониот суд за тројца обвинети, меѓу кои беше и сопственикот на кабелска телевизиска станица, обвинети за напад и обид за убиство на Горан Гаврилов, сопственик на националната радио станица Канал 77 во јануари 2008 година. Гаврилов сметаше дека овој криминален чин бил поврзан со неговото известување за условите во кабелската станица Телекабел, како и заради напорите што ги вложувал за регулирање на односите меѓу кабелските оператори и приватните електронски медиуми. Иако Врховниот суд утврди повреди на законот во претходните судења, сепак не нареди повторено судење.

На 11 февруари, Основниот суд во Скопје донесе ослободителна пресуда за еден обвинет полицаец и осуди други двајца на затвор од седум месеци и една година респективно, за нападот сторен од полициски службеници врз камерманот Игор Љубочевски од Алсат телевизија во 2007 година, додека тој снимал како полицијата застанува член на собранието.

Во текот на годината, Јавното обвинителство ги отфрли кривичните пријави против член на обезбедувањето на политичката партија Демократска унија за интеграција, кој удрил телевизиски новинар во 2007 година додека новинарот известувал за случувањата во Собранието. Судската постапка по граѓанската тужба сеуште беше во тек при крајот на годината.

Македонија

Не беше постигнат напредок во случајот на кражба на шест телевизиски предаватели на Алсат телевизија и локалната телевизиска станица Арт надвор од Тетово од мај 2008 година, за времетраењето на изборната кампања. Медиумската јавност ја сметаше кражбата за обид за замолчување на медиумите и за ускратување на можноста граѓаните да добиваат информации за изборите.

Слобода на интернет

Немаше владини ограничувања врз пристапот до интернет, ниту пријави дека владата надгледува електронска пошта или интернет форуми. Поединци и групи можеа да се вклучат во мирно изразување на своите гледишта преку интернет, како и преку електронска пошта. Владата се обиде да ја зголеми употребата на интернет и обезбеди бесплатен интернет пристап во интернет кафеа низ државата за лица под 27 годишна возраст и постари граѓани. Во октомври, Државниот завод за статистика објави податоци за проширеноста на интернетот што укажуваа дека 41,8 проценти од домовите имале интернет пристап и дека половина од населението користело интернет во првиот квартал од годината, т.е. 8,5 проценти повеќе од првиот квартал во 2008 година.

Академска слобода и културни настани

Не постоеле владини ограничувања врз академската слобода или културните настани.

б. Слобода на мирно собирање и здружување

Слобода на собир

Законот обезбедува слобода на собир и владата во пракса генерално го почитувала ова право. За јавни собири од било каков вид, организаторите мора да го известат Министерството за внатрешни работи со цел локацијата да биде полициски обезбедена.

На 28 март, група од околу 100 протестанти, кои што се противеа на владините планови за изградба на Православна црква во Скопје се собраа на градскиот плоштад. Ним им се спротивстави група од неколку илјади протестанти кои ја поддржуваа изградбата. Полицијата се обиде да ги оддели двете групи, но не успеа целосно, па насилството, навредите и викањето, успеаја да спречат протестот да продолжи понатаму. Министерството за внатрешни работи поднесе кривични пријави против 23 учесници од двете страни, главно за нарушување на јавниот ред и мир. Судските постапките беа во тек при крајот на годината.

Македонија

Инцидентот од 28 март го разгоре интересот на голем број невладини организации и граѓански здруженија по однос на правата на мирен собир и протест. На 11 април, група од неколку илјади протестанти се собраа на градскиот плоштад под мотото „протест за правото на протест". Полицијата беше присутна на вториот протест, кој помина без инциденти.

Слобода на здружување

Законот обезбедува слобода на здружување и владата во пракса генерално го почитувала ова право.

в. Слобода на религиозно изразување

Уставот обезбедува слобода на религиозно изразување и владата генерално го почитувала ова право. Сепак, во текот на годината судот надлежен за регистрација на религиозни организации не успеа да ги исполни роковите за регистрација и ги одби барањата за регистрација на повеќе од десет заедници, со што реално ги оневозможи да се здобијат со правен статус. Законот не бара група или индивидуално лице да биде дел од правно регистрирана религиозна заедница со цел јавно или приватно да практикува религија.

Во текот на годината спорот околу владината поддршка за изградба на Православна црква на главниот плоштад во Скопје ги зголеми меѓуетничките тензии и отвори прашања во врска со одделеноста на црквата и државата.

Во текот на годината монасите и свештенството на Православната Архиепископија во Охрид, група призната од страна на Српската Првославна Црква, но без правен статус, продолжи да се жали на незаконско надгледување и малтретирање поради нивните религиозни верувања, особено на граничните премини, во врска со што и пријавија дека граничната полиција им наложила да ги отстранат своите монашки алишта со цел да ги олеснат формалностите при премин на границата.

Законот бара од Државната комисија за односи со верските заедници и групи да им одобри на странските државјани кои влегуваат во државата да вршат верски активности или да вршуваат верски обреди. Лицата кои планираат да вршат верски активности мора да поднесат писмена покана од претставници на регистрирана верска група во државата во прилог на нивната апликација за виза. Комисијата вообичаено издавала одобренија во рок од една недела.

Враќањето експроприран имот од верски заедници од страна на владата на поранешна Југославија не беше целосно разрешено.

Македонија

Членови на Исламската заедница на Македонија (ИЗМ) продолжија да укажуваат на повисока стапка на враќање на имот кој и припаѓа на Македонската Православна Црква, за разлика од имотот што и припаѓа на Исламската заедница. Бекташката заедница од редот Суфи, чие барање за регистрација како исламска организација посебна од ИЗМ беше одбиено во септември, поднесе тужба против владата во 2002 година за невраќање на Арабати Баба Теке на нивната заедница. Немаше никаков развој по поднесената тужба.

Општествена злоупотреба и дискриминација

Имаше изолирани пријави за општествена злоупотреба или дискриминација врз основа на религиозно здружување, вера или практика.

На 31 август, локалните жители ја информирале полицијата во Струга дека неколку гроба на муслиманските гробишта биле осквернавени. Во текот на годината имаше неколку пријави во за оштетување на гробови на православните гробишта близу до Тетово и Арачиново, градови со доминантно население на етнички Албанци, иако пријавената штета била минимална и не било јасно дали вандализмот бил од верски мотиви.

Во јуни дојде до сериозни тензии помеѓу Исламската заедница во Македонија и заедницата Бекташи во врска со закопот на еден член на земјиштето на спорното Арабати Баба Теке од Тетово. Исламската заедница во Македонија се закануваше дека ќе го ексхумираат телото и ќе го преместат на друга локација. Меѓународната заедница и локалната полиција се вклучија во напорите да се спречи насилство помеѓу двете групи. Иако тензиите се намалија во текот на годината, двете групи продолжија да дебатираат околу законитоста на закопувањето.

Еврејската заедница проценила дека во државата живеат од 250 до 300 Евреи. Немало пријави за антисемитски чинови.

За подетални информации погледнете го *Меѓународниот извештај за религиозните слободи 2009* на www.state.gov/g/drl/irf/rpt

г. Слобода на движење, внатрешно раселени лица, заштита на бегалци и лица кои не се државјани

Законот обезбедува слобода на движење во државата, патување во странство, иселување и враќање во татковината и владата во праксата генерално ги почитувала овие права. Владата соработувала со Канцеларијата на Високиот комесар за бегалци на ОН (УНХЦР) и други хуманитарни организации во обезбедување заштита и помош за внатрешно раселени лица, бегалци, враќање

бегалци, баратели на азил, лица без државјанство и други лица од слични категории.

Законот забранува принудно протеруање и владата не прибегнувше кон принудно протеруање, било внатрешено или надворешно.

Внатрешно раселени лица (ВРЛ)

Владата пријави дека 644 лица останале раселени од внатрешниот конфликт во 2001 година. Од нив, 265 лица живееле во колективни центри, а 379 биле сместени во семејства.

ВРЛ (внатрешно раселени лица) примиле основна помош, главно од Министерството за труд и социјална политика, но имале малку можности за вработување поради високата стапка на невработеност во државата. УНХЦР им помогнала на 39 внатрешно раселени лица да го регулираат својот граѓански статус и лични документи.

Во текот на годината владата ги охрабрувала ВРЛ да се вратат во нивните домови во областите што властите ги сметале за безбедни. Некои внатрешно раселени лица продолжиле да тврдат дека владата не обезбедува соодветна поддршка на процесот на враќање. ВРЛ Роми се соочуваа со дополнителни тешкотии заради недостиг на документација за владение со имотите каде што претходно живееле.

Заштита на бегалци

Државата е потписник на Конвенцијата од 1951 година за статусот на бегалците и Протоколот од 1967 година за статусот на бегалците. Законите обезбедуваат давање азил на лицата кои ги исполнуваат критериумите за статус на бегалци и оние кои ги исполнуваат критериумите за супсидијарна заштита. Владата има воспоставено систем на обезбедување заштита на бегалци.

Законот обезбедува заштита на бегалци и лица под супсидијарна заштита во согласност со стандардите на ЕУ. Во текот на годината владата продолжила да го трансформира механизмот за заштита на барателите на азил кои не добиле статус на бегалци во државата од „азил за хуманитарна заштита" во „азил за супсидијарна заштита" во согласност со ЕУ директивите. Иако УНХЦР оцени дека е направен некаков напредок во механизмот за утврдување на статус на бегалец, владата не додели статус на бегалец на ниту еден барател на азил во текот на годината.

Во текот на годината значително се подобрила брзината на судското одлучување по барања за азил, но скоро сите одлуки биле негативни. Владата не депортираше лица од Косово чии

барања за азил биле одбиени. Министерството за внатрешни работи издаваше лични документи и дозволи за привремен престој на лицата чии што барања за азил биле одбиени. Дозволите за привремен престој се продолжуваат во зависност од околностите на секој случај поединечно. За прв пат, управниот суд, единствената жалбена инстанца што може да одлучува по предмети на азил, ги прифатило жалбените барања на 15 лица и ги вратило предметите во повторно одлучување.

На 15 декември стапи во сила нов закон за измени и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, со што значително се подобри квалитетот на националното законодавство за азил. Работната група што го подготви законот беше во тесни консултации со УНХЦР.

Државата со соочи со значителен пораст на бројот на пристигање на нови баратели на азил што потекнуваа надвор од регионот, вклучително и 50 Авганистанци. Скоро сите заминале на непозната дестинација откако аплицирале за азил. До крајот на ноември, бројот на регистрирани баратели на азил од 100 опаднал на 81.

Владата издала лични документи на сите баратели на азил, лица со признат стастус на бегалци и други лица под хуманитарна заштита. Беа забележани мали оддолжувања во издавањето на личните документи за новите баратели на азил.

До крајот на ноември, 31 лица баратели на азил, бегалци од Косово, вклучително и Роми, чии барања за азил биле одбиени, се стекнаа со македонско државјанство.

Во пракса владата обезбеди заштита против прогон или враќање на бегалците во државите каде нивниот живот или слобода би биле под закана врз основа на нивната расна, религиска или национална припадност, членство во одредена општествена група или политичка определеност или каде би биле подложени на тортура или друг нечовечки или деградирачки третман или казна. Вкупно 1.643 баратели на азил, бегалци, лица под хуманитарна/дополнителна заштита останале во државата од конфликтот во Косово во 1999 година, повеќето од нив Роми. УНХЦР забележа напредок на процесот на враќање на Ромите во Косово, а кој што процес УНХЦР го олеснуваше врз основа на индивидуални доброволни барања.

На почетокот од ноември државата го усвои новиот Национален план за интеграција на бегалци и странски државјани што е фокусиран на вдомување, здравствена и социјална заштита, вработување и развој на заедницата.

Македонија

Дел 3. Почитување на политички права: Право на граѓаните да ја сменат својата влада

Уставот им обезбедува право на граѓаните да ја сменат својата влада на мирен начин и граѓаните во пракса го вршеле ова право преку повремени, генерално слободни и правични избори одржани врз основа на универзално право на глас.

Избори и политичко учество

На 22 март и 5 април државата одржа претседателски и локални избори. Во споредба со парламентарните избори во 2008 година, овие избори беа мирни и ОБСЕ изјави дека полицијата обезбеди безбедна средина. ОБСЕ изјави дека изборите ги исполниле најголемиот број барања и другите меѓународни стандарди и забележа дека целокупното спроведување на изборите помина професионално и транспарентно. Меѓутоа, ОБСЕ и другите набљудувачи забележаа дека заплашувањето гласачи сепак постоеше како проблем. Вработените во јавниот сектор беа особено подложни на закани дека може да ги изгуват работните места доколку не ја поддржат владејачката партија. Некои граѓани кои примаат пензија или социјална помош исто така се соочија со закани дека ќе ги изгубат своите приходи доколку не гласаат како што им се налага. Во октомври Министерството за правда започна пилот проект во две општини, Гостивар и Виница, за ажурирање на листата на гласачи.

Политичките партии можеа да делуваат без ограничување или мешање однадвор.

Во Собранието што брои 120 пратенички места, беа застапени 39 жени, а во 22-члениот Совет на министри две беа жени. Законот бара родова разновидност во кандидатските листи на политичките партии; најмалку еден од секои тројца кандидати мора да биде од спротивниот пол на мнозинството застапено во листата. Меѓу 85-те градоначалници во државата немаше ниту една жена.

Во Собранито што брои 120 пратеници, беа застапени 29 етнички Албанци, четири етнички Срби, двајца етнички Власи, еден етнички Турчин, еден етнички Ром, еден етнички Бошњак и едно лице формално декларирано дека припѓа на „друга" националност. Во 22-члениот Совет на министри имаше осум члена од малцинските заедници.

Дел 4. Корупција во јавниот сектор и владина транспарентност

Законот пропишува кривични санкции за корупција на јавни службеници: меѓутоа, владата неделотворно го спроведувше

законот и јавните функционери честопати беа вмешани во корупција без да бидат казнети.

Во текот на годината се појавија неколку тврдења за владина вмешаност во случаи на „злоупотреба на службена положба и овластување," со цел за закана против непослушни владини службеници или партиски членови или да ги застрашат клучните опозициски лидери. Одреден број сегашни и поранешни владини службеници се соочија со кривични пријави за злоупотреба на службена положба, додека други лица и опозициски лидери известуваа дека добиле закани дека ќе бидат соочени со такви обвинанија. Поранешниот директор на Фондот за здравство, Георги Тренкоски беше лишен од слобода, притворен и обвинет во ноември за несовесно вршење на службата, откако во август даде отказ, наводно поради несогласување со владината политика. Поддржувачите тврдат дека медиумите биле однапред известени за неговото лишување од слобода за да обезбедат „снимање на неговото апсење". Медиумската покриеност на овој случај беше понижувачка, имплицирајќи вина уште пред судење.

Полицијата и корупцијата во судството претставуваа проблем. Во текот на годината Судскиот совет разреши 11 судии за нестручно и несовесно постапување.

На 16 јули, Судскиот совет ја суспендира судијата Лилјана Јанкова, во исчекување на исходот од истрагата за корупција. Во текот на годината, три судии од Струга заедно со 10 други лица беа изведени пред суд за проневера на пари и измама на инвеститори.

На 28 јануари, Министерството за внатрешни работи започна истрага за корупција против полициски и царински службеници обвинети за примање поткуп на граничните премини во државата. Во август и септември, Министерството за внатрешни работи уапси 61 припадник на граничната полиција и тројца царински службеници и поднесе кривични пријави против нив до Јавното обвинителство. Судските постапки против 45 обвинети беа во тек при крајот на годината, а почетокот на судењето за останатите 16 лица е закажано за јануари 2010 година. Истрагата беше во тек при крајот на годината.

На 16 декември, поранешниот гувернер на Народната банка на Македонија, Љубе Трпески започна да ја издржува казната во траење од 4,5 години затвор, откако во февруари 2008 година беше осуден за проневера на околу 950 милиони денари (22 милиони долари).

На 9 декември, Апелациониот суд ги укина пресудите на првостепениот суд во предметите против на Васил Тупурковски, поранешен заменик премиер и директорот на Агенцијата за

реконструкција и развој и поранешниот премиер и министер за одбрана Владо Бучковски, обвинети за корупција и злоупотреба на службена положба. Апелациониот суд утврди процесни повреди кај двете судења и ги врати на повторно судење пред првостепениот суд. При крајот на годината сеуште не беше закажан датум за почеток на повторните судења.

Во април започна судењето на поранешниот генерален директор на компанијата за производство на струја, Панде Лазаров, обвинет за земање поткуп и перење пари. Лазаров беше ослободен од затвор со гаранција сместен во куќен притвор во исчекување на исходот од судењето. При крајот на годината судската постапка сеуште беше во тек.

Во април Врховниот суд ја усвои жалбата на поранешната директорка на Управата за јавни приходи, Петра Митева, осудена и казнета на три години затвор за злоупотреба на службена положба за незаконска купо-продажба на службен простор. Врховниот суд пресуди дека случајот требало да биде суден како граѓански случај и дека немало основа за кривична пријава.

Државната комисија за спречување на корупција беше одговорна за истражување пријави за корупција како и поплаки поднесени од граѓаните. Од јануари до септември, комисијата прими 298 поплаки.

Пратениците во Собранието и високите јавни службеници имаа обврска за поднесување изјава за имотна состојба.

Законот обезбедува јавен пристап до владини информации. Имплементацијата на законот заостануваше, особено во поглед на јавниот пристап до судски пресуди и други судски одлуки. Сепак, беше забележано значително подобрување во јавниот пристап до судски одлуки во текот на годината.

Дел 5. Ставот на Владата по однос на меѓународна и невладина истрага на можни повреди на човекови права

Голем број домашни и меѓународни организации за човекови права генерално функционираа без ограничувања од владата, истражувајќи и објавувајќи ги своите наоди. Владата генерално соработуваше и одговараше на нивните гледишта.

Функционираа околу 500 домашни и меѓународно регистрирани НВО во државата, вклучително и неколку фокусирани на човекови права и граѓански прашања како што се правата на жените, меѓуетнички дијалог, правата на лезбијската, хомосексуалната,

бисексуалната и транс-сексуалната(ЛХБТ)заедница, грижата за децата и за лицата со инвалидитет.

Меѓународната заедница ја вклучи и владата во прашањата поврзани со човечките права и многу странски и мултилатерални мисии имплементираа проекти за човекови права, како и проекти поврзани со слободни и правични избори и подобрување на односите помеѓу етничките Македонци и етничките Албанци.

Народниот правобранител делуваше во заштита на граѓаните од повреда на нивните права од страна на јавни институции, намалување на дискриминацијата против малцинските заедници и лицата со посебни потреби и промоција на нивна правична застапеност во јавниот живот и се посвети на прашања поврзани со децата. Народниот правобранител има право да ги посетува сите притворени лица и да поднесува свои наоди до ОН.

Повеќето случаи вклучуваа повреда на судски постапки, полициска злоупотреба и права од областа на трудовите односи, правата на потрошувачите или правото на сопственост. Народниот правобранител пријави добра соработка и комуникација со владата, но исто така изјави и дека иако одговорите на владата на неговите прашања биле вообичаено навремени, често не биле доволно суштествени и понекогаш недостигале бараните информации.

Владата соработуваше со меѓународните владини организации и дозволи посети од страна на претставници на ОН и други организации, како посети на високиот комесар на ОБСЕ за национални малцинства во јануари и на посебниот известувач на ОН за слобода на религиозно убедување или верување во април.

Дел 6. Дискриминација, социјална злоупотреба и трговија со луѓе

Уставот и законите забрануваат дискриминација врз основа на род, раса, инвалидитет, религиона или национална, општествена или политичка припадност и владата генерално ги применувала ваквите забрани. Одреден број невладини организации ги критикувале законските забрани заради нивниот нецелосен опфат на дискриминација и покренале прашања околу недостигот од јасни системи на правни лекови за жртвите на дискриминација. Коалиција на невладини организации застапувајќи широк круг на групи на интереси, повика на донесување детално законодавство за антидискриминација и одреден број на меѓународни организации ги поддржаа нивните напори во таа смисла.

Жени

Законот конкретно забранува силување, вклучително и силување

од страна на брачниот партнер, меѓутоа законски пропишаните санкции не беа делотворна превентива. Санкциите за силување или насилен сексуален напад се од една до 15 години затвор. Што се однесува до семејното насилство, полицијата и судските лица неволно постапуваа во случаи на силување на брачен партнер и многу жртви не истапија во јавност поради општествена стигма.

Семејното и друг вид насилство врз жените беше истраен и општ проблем. Една невладина организација која управува центри за жртви на семејно насилство извести за зголемено користење на нивните капацитети од страна на жртвите на семејно насилство. Статистичките податоци на Министерството за внатрешни работи за првите шест месеци од годината укажуваат дека имало 271 пријави за физичко насилство врз жени и 194 пријави за психичко насилство врз жени.

Културните норми, вклучително и загриженоста на жртвите по однос на нанесување срам врз семејството, ги обесхрабрувало пријавите за насилство врз жени, како и поднесувањето кривични пријави. Семејното насилство е незаконско, но властите во пракса ретко го применуваа законот. Имаше пријави дека полициски службеници не биле свесни за одредбите од законот кој им дозволува да постапуваат во име на заштита на жртвите на семејно насилство.

Имаше еден центар-засолниште за жени под ризик што беше управуван од невладина организација и шест такви центри со ограничен капацитет управувани од владата, директен телефон за пријави на невладина организација и кризен центар за привремено (24- 48 часовно) засолниште на жртви на семејно насилство. Локалните невладини организации за борба против семејно насилство во голема мера се потпирале на меѓународни донатори.

Одреден број групи за заштита на жените работеле на подигање на свеста за овој проблем. Владата спонзорирала јавна кампања против семејно насилство, со учество на познати спортисти.

Проституцијата е незаконска; но, властите не секогаш го применувале законот во овој поглед. Владата депортирала неколку странски државјанки обвинети за проституција и отворила постапка против неколку државјани за „посредување" при проституција. Странските државјанки кои биле депортирани, пред депортацијата биле "снимени" од страна на професионални лица кои работеле против трговија со луѓе за да се осигура дека тие не се жртви на трговија со луѓе.

Сексуалното малтретирање жени на работно место претставува проблем, особено во приватниот сектор. Сексуалното малтретирање на работно место е забрането со Законот за

еднакви можности на мажи и жени и е пропишано како кривично дело во кривичниот закон, и се казнува со казна затвор од три месеци до три години. Властите можеле да кривично да ги гонат случаите на сексуално малтретирање според одредбите за забрана на дискриминација на македонското законодавство, но жртвите генерално не истапувале во јавност поради недоволно јасно формулираните одредби за антидискриминација, а во отсуство на подетално структурирано законодавство. Иако жените и понатаму беа помалку застапени во повисоките кругови на владата и приватниот сектор, сепак имаше неколку истакнати жени-професионалци во јавниот сектор, меѓу кои и министерствата за внатрешни работи и култура.

Правата на жените да донесуваат одлуки за репродукција не биле повредени. Контрацептивните средства беа многу широко распространети и достапни. Акушерска и постпородилната грижа беа на располагање во болниците низ државата и им беа достапни на претстојните и тукушто породени мајки преку медицинска грижа обезбедена на вработените лица од страна на нивните работодавачи, а на невработените лица од страна на државниот систем. Жените и мажите биле подеднакво дијагностицирани и третирани од сексуално преносливи болести.

Одделението за родова еднаквост во Министерството за труд и социјална политика беше надлежно за обезбедување на правата на жените. На локално ниво во општинските совети имаше родови комисии.

Жените од етничките албански и ромски заедници немале еднакви можности за вработување и образование поради традиционалните или религиозни ограничувања во нивното образование и улога во општеството. Во некои албански заедници, праксата мажите да гласаат во име на женските членови од семејството, ги лишувало жените од право на глас.

Деца

Државјанството првенствено се стекнувало по основ на државјанството на родителите, но законот дозволува стекнување државјанство по основ на раѓање на територија на државата (ius soli) за дете пронајдено на територијата на Македонија со непознати родители, во случај да не се открие дека неговите родители се странски државјани пред детето да достигне возраст од 18 години. Раѓањата на сите деца во болниците и медицинските установи автоматски се регистрираат и законот пропишува децата родени дома или на друго место да бидат евидентирани во матичната служба во период од 15 дена по раѓањето. Некои ромски семејства доцнеле со евидентирање на новородените деца, но невладините организации обезбедиле бесплатна правна помош за да се обезбеди семејствата да можат

да ги регистрираат своите деца дури и по истекот на дадениот рок.

Како и претходните години, лошите физички услови во училиштата и недоволниот капацитет на училници претставуваа општ проблем, како резултат на што многу училишта одржуваа настава во смени. На многу места ваквите смени беа поделени по етничка линија. Момчињата и девојчињата генерално имале еднаков пристап до образование, иако имало неколку изолирани случаи на дискриминација на девојчиња во образовните институции во некои етнички албански области.

Злоупотребата на децата била проблем во некои области. Центарот за социјална работа на Министерството за труд и социјална политика и Одделението за малолетничка деликвенција на Министерството за внатрешни работи биле надлежни за прашања поврзани со злоупотреба на деца. Невладините организации исто така биле активни во оваа област. Имало пријави дека Ромите често ги организирале своите деца во групи да просат за пари на јавни места.

Бракови меѓу деца се склучувале во ромската заедница, а во помал степен и во етничката албанска заедница, но беше тешко да се процени точниот број затоа што браковите меѓу деца ретко се евидентирале.

Според податоците на УНИЦЕФ од 2005-06 година во државата имало помеѓу 500 и 1.000 деца на улица, повеќето од нив Роми. Со меѓународна поддршка, Министерството за труд и социјална политика отвори дневен центар за деца на улица, иако ромските лидери пријавиле дека центарот не бил доволно ефикасен во обезбедување долгорочна помош за децата на улица.

Трговија со луѓе

Законот забранува секаков вид на трговија со луѓе, меѓутоа имаше пријави дека имало трговија со луѓе во, преку и од државата.

Застапеноста на трговија со луѓе во државата била многу мала. Жени и деца биле тргувани внатрешно заради сексуална експлоатација и принуден труд. Ромските деца биле внатрешно тргувани со цел принудно просење за пари. Жртвите што биле тргувани во државата потекнувале од Косово и Албанија, а дестинација биле Југо-Централна и Западна Европа. Во текот на годината биле идентификувани осум жртви на трговија со луѓе. Седум од нив биле малолетни, а сите биле македонски државјани. Полициските рации и сведоштвата на жртвите потврдиле дека трговците подложиле мал број од жртвите на трговија на закани и физичка и психичка злоупотреба. Меѓутоа, невладините организации и претставници на меѓународната

заедница забележале дека за трговците со цел да се обезбедат дека жртвите нема да се идентификуваат како жртви на трговија доколку полицијата ги испрашува, тие се' повеќе организирале нивните жртви легално да престојуваат во државата, им плаќале пари за нивните услуги и им дозволувале ограничена слобода на движење. Начинот на работа на трговците со луѓе продолжил да се прилагодува зависно од тактиката на органите на прогонот, преку растечка употреба на потзаскриени методи во рамките на приватниот сектор, како што се салони за убавина и масажа. Министерството за внатрешни работи во соработка со Меѓународната организација за миграција (ИОМ) во ноември обезбедило обука за 250 членови на локалната и граничната полиција, фокусирана врз идентификување на нов, подискретен профил на жртви и усвојување на полициски методи кон новите методи на трговците со луѓе.

Жртвите биле тргувани од страна на големи, меѓународни организации за трговија и кријумчарење луѓе и од помали, поединечни трговци со луѓе. Повеќето трговци имале претходно криминално досие. Трговците почесто користеле принудни тактики отколку киднапирање или грабнување. Трговците користеле средства како што се лажни понуди за брак и привлечни понуди за работа за да ги примамат своите жртви. Исто така имало пријави за вклученост на пријатели и членови на семејството во фазата на регрутација и можната трговија на жртвите, особено во случаи на малолетни лица.

Законот пропишува минимална казна од четири години затвор за трговија со луѓе со употреба на сила, измама или принуда и минимална казна од 10 години затвор за трговија со малолетници. Владината Национална комисија за борба со трговија и незаконска миграција давало напори во борбата со трговијата на луѓе. Министерството за внатрешни работи работело ја предводеше борбата на органите на прогон, додека Министерството за труд и социјална политика ја координираше заштита на жртвите. Во напорите за борба против трговија во луѓе учествуваа вкупно осум министерства, Јавното обвинителство, невладини и меѓународни организации, како и претставници на судовите.

Зголемените усилби на властите во борбата против трговијата со луѓе резултираше со повисоки затворски казни за трговците, иако една организација пријави дека основните судови сеуште ги судеа трговците според одредбите за кријумчарење луѓе. Властите ги откриле повеќето од жртвите на трговија со луѓе за време на полициските рации во барови и ноќни клубови. Имаше пријави што укажуваа дека корупцијата продолжила директно да ги попречува напорите на државата во борбата со трговија со луѓе. На пример, сопственици на локален бордел повремено биле предупредувани за можни рации, со што им се

овозможувало на трговците со луѓе да избегнат органите на прогонот, а на сопствениците на борделот да ги сокрие потенцијалните жртви на трговија. Во текот на годината, полицијата спроведе 59 рации на сомнителни барови и ноќни клубови. Локалните невладини организации и меѓународните организации ја обучиле полицијата за соодветна идентификација и третман на жртви на трговија и учествувале во интервјуа спроведени после рациите.

До крајот на годината, полицијата поднесе шест кривични пријави за трговија со малолетни лица до канцеларијата на Јавниот обвинител. Од вкупно шесте, за два случаи беше подигнато обвинение и судењата беа во тек: еден случај беше во фаза на судска истрага во исчекување на обвинување; два случаи биле вратени назад во полиција зарадј собирање дополнителни докази, а еден пријава беше отфрлена поради недостаток на докази. Вкупниот број лица обвинети за трговија со луѓе изнесувал 18. Во просек, казните што им биле изречени на трговците со луѓе се движеле над пет години затвор.

Невладините организации, меѓународните организации како што се ОБСЕ и ИОМ и одреден број странски амбасади во Скопје учествувале во работниот комитет против трговија со луѓе раководен од страна на владината комисија против трговија со луѓе.

Владата им нудеше помош на потенцијалните жртви, вклучително и засолниште, правна и медицинска помош, заштита на сведоци, психолошка помош и обука за работни квалификации. Законот обезбедува дозвола за престој до шест месеци и дополнителен период за размислување за жртви на трговија странски државјани, за да им обезбеди повеќе време за добивање помош и за донесувањето одлука дали да сведочат против нивните трговци. До денес, ниту една од жртвите на трговија кои биле странски државјани не побарале дозвола за престој. Владата продолжила да ја подобрува примената на стандардните оперативни постапки за идентификација на жртвите. Со цел да обезбеди доследна употреба на стандардни оперативни постапки фокусирани на помош на жртвите од страна на локалната полиција, владата во партнерство со меѓународната заедница започнала да спроведува обемни обуки во текот на годината кои се фокусирале на континуирана примена на стандардните оперативни постапки.

Владата продолжила да управува со центарот за странски имигранти и жртви на трговија со луѓе странски државјани, но слободата на движење на жртвите во овој центар е ограничена. Владата продолжила да спроведува кампањи за превенција и подигање на свеста за трговија со луѓе и обезбедила обука против трговија со луѓе за своите воени мисии пратени во странство.

Македонија

Министерството за внатрешни работи спровело две големи операции за разоткривање на полициски и гранични службеници кои помагале во кријумчарење на луѓе и незаконска миграција. На 1 јули, властите упасиле 13 луѓе, вклучително и еден висок полициски службеник и поднесе пријави против нив за кријумчарење луѓе за случај на кријумчарење азиски мигранти од Србија во Грција, преку Македонија. На 25 август, Одделот за организиран криминал лиши од слобода припадници на граничната полиција и царината за наводен прием/барање на поткуп на граничните премини. Иако немало директен доказ што конкретно поврзувал некој од овие случаи со трговија со луѓе, властите пријавиле дека двете операции помогнале во обезбедување на границите против криминалот на меѓународна трговија со луѓе.

Годишниот *Извештај за трговија со луѓе* на државата може да се преземе од www.state.gov/g/tip

Лица со инвалидност

Лицата со инвалидност се соочиле со дискриминација при вработување, образование, пристап до здравствена грижа и други услуги. Законот бара лицата со психичка или ментална инвалидност да добијат одобрение од медицинска комисија на владата за да може да работат на надзорни позиции во приватниот сектор и владата. Законот исто така нуди поволности за одредени „згрижувачки компании" за обезбедување вработување на лица со инвалидност, но невладините организации забележуваа дека поволностите што можеа да ги добијат ваквите компании ги ограничувале можности за вработување лица со инвалидност.

Законите бараат само новите градби да имаат пристап за лица со инвалидност. Со тоа, многу јавни згради останаа непристапни. Недоследната инспекција резултираше со изградба на нови објекти кои не обезбедуваат пристап за лица со инвалидност.

Активистите за правата на лицата со инвалидност изјавуваа дека работодавачите биле неволно ангажирале лица со инвалидност и дека потешкотиите во пристапот до образовни и други можности ја спречило целосната општествена интеграција на лицата со инвалидност.

Министерството за труд и социјална политика е надлежно за интегрирање на лицата со инвалидност во економскиот живот и за плаќање придонеси. Во пракса, помошта за инвалидност не ги покриваше трошоците за живот. Активистите за правата на лицата со инвалидност укажуваа дека програмите за вработување

и обука за стекнување вештини на лица со ментален и физички инвалидност биле многу ограничени и не придонеле значително за нивна економска интеграција.

Национални/расни/етнички малцинства

Според пописот од 2002 година, населението беше составено од 64,2 проценти етнички Македонци, 25,2 проценти етнички Албанци, 3,9 проценти етнички Турци, 2,7 проценти етнички Роми, 1,8 проценти етнички Срби, 0,8 проценти етнички Бошњаци и 0,5 проценти етнички Власи.

Според една ромска невладина организација, општественото непријателство кон Ромите продолжило, но опаднале случаите на директни напади на Роми.

Односите помеѓу мнозинството етнички Македонци и малцинството етнички Албанци беа затегнати.

Од крајот на март до крајот на школската година 2008-09, учениците етнички Македонци кои барале етнички поделени смени бојкотирале едно средно училиште во Струга. Во текот на летото, започнала изградбата на две нови училишта во Струга за да се ублажи пренатрупаноста, но овие проекти не биле предвидени да завршат во текот на годината. Училишната година 2009-10 започнала со етнички поделени смени и очекување дека одделеноста ќе продолжи и во иднина.

На други локации исто така, ученици од различни етнички групи понекогаш учеле во одделни смени или во одделни објекти, било поради јазични разлики или по барање на нивните родители.

На 16 август се случија насилни судири меѓу група етнички Македонци фудбалски љубители и етнички албански жители по еден фудбалски натпревар во Скопје. Локалната полиција била критикувана што не успеала брзо да одговори на инцидентот; сепак, Министерството за внатрешни работи отвори истрага и лиши од слобода осум лица вклучени во инцидентот.

Етничките Албанци продолжија да упатуваат поплаки за неправична застапеност во владините министерства. Етничките Македонци честопати тврдеа дека се цел на работодавачите при кратењето на бројот на работни места, без оглед на учинокот, а по основ на обратна дискриминација. Некои етнички Албанци се жалеа на дискриминацијата при носењето решенија за државјанство од страна на Министерството за внатрешни работи, кое е надлежно за прием, отпуст, прекине или утврди државјанство на лица, со што реално биле лишени од правото на глас.

Македонија

По усвојувањето на Охридскиот Рамковен договор од 2001 година, законот обезбедува заштита на правата на малцинствата и нивна интеграција во сите сектори од општеството. Владата има Секретаријат за имплементација на Договорот, што ги повикува на одговорност оние државни институции кои не ја почитуваат стратегијата за правична застапеност на малцинствата. Според секретаријатот, биле објавени 800 огласи за нови работни места во јавната администрација и 360 понудени на етничките малцинства во текот на годината согласно обрската за правична застапеност утврдена со Договорот. Податоците од септември покажуваат дека етничките малцинства броеле 23,9 проценти од вработените во државните институции. Седумдесет и два проценти од буџетираните 220 милиони денари (4,4 милиони долари) биле употребени од страна на секретаријатот во текот на годината. Владата усвоила буџет од 436 милиони денари (8,7 милиони долари) за секретаријатот за 2010 година.

Етничките Албанци и понатаму беа помалку застапени во армијата и полицијата и покрај напорите да се регрутираат квалификуцани кандидати од малцинствата.

Законот обезбедува основно и средно образование на македонски, албански, турски и српски јазик. Бројот на ученици од малцинските заедници што следеле средно образование на нивниот мајчин јазик продолжил да се зголемува, особено откако средното образование стана задолжително.

Етничките Турци се жалеле на дискриминација. Нивната загриженост главно се однесувала на слабиот напредок во постигнување правична застапеност во владините институции, отсуството на општини со мнозинство на етнички Турци при територијалната организација во 2004 година и несоодветно образование и медиуми на турски јазик.

Ромите се жалеле на широкораспространета општествена дискриминација. Невладините организации и меѓународни експерти изјавуваа дека работодавачите често не им обезбедувале работни можности на Ромите, а некои Роми се пожалиле на недостиг од пристап до јавните фондови за социјална заштита. Ромските невладини организации исто така пријавуваа дека повремено сопствениците на одредени објекти за јавна употреба не им дозволувале влез на Роми во нивните објекти.

Владата ја финансираше имплементацијата на националната стратегија за Декадата на Ромите, вклучително и помош за образованието, здомувањето, вработувањето и инфраструктурен развој на Ромите. Владата исто така, продолжи да финансира

информативни центри за Ромите што ги насочуваа овие граѓани кон образовните ресурси и ресурсите за здравствена заштита и социјална грижа. Зголеменото финансирање на невладините организации и владата за елиминирање на бариерите во образованието на Роми резултираше во постојано зголемување во процентот на Роми кои посетуваа училиште. Во училишната година 2009-10, имаше 13,4 проценти повеќе ромски ученици вклучени во основното и 26 проценти повеќе во средното образование во однос на претходната училишна година.

Општествена злоупотреба, дискриминација и чинови на насилство врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет

Имаше две регистрирани невладини организации кои се занимаваа со прашањата на лезбејки, хомосексуалци, бисексуалци и трансексуалците (ЛХБТ), вклучително и една посветена на здравствената заштита на хомосексуалците. Активистите кои ги застапуваа правата на ЛХБТ заедницата пријавиле инциденти на општествена предрасуди, вклучително и малтретирање и употреба на навредлив јазик, вклучително и во медиумите. Активистите на ЛХБТ заедницата се придружија кон коалицијата на невладини организации наречена „Македонија без дискриминација" и беа предмет на навредлив јазик кога се вклучија во протестите против изградбата на Православна црква на главниот плоштад во Скопје. ЛГБТ организациите исто така пријавија општествена дискриминација и насилство врз трансексуалци во скопската општина Шуто Оризари, наведувајќи дека жртвите се чувствувале небезбедно да го пријават насилството врз нив кај надлежните органи.

На 16 ноември, коалиција на невладини организации одржа марш низ градскиот центар за ЛХБТ толеранција под мотото „Љубов е љубов". Во споредба со недобивањето дозвола во 2007 година од страна на невладина организација која се занимавала со правата на ЛХБТ заедницата за организирање настан во центарот на Скопје, организаторите сега добиле дозвола и изјавија дека имале одлична соработка со Министерството за внатрешни работи. Полиција во значителен број била присутна на маршот, со што овозможила настанот да помине без инциденти. Скоро сите медиуми го покриле настанот и известувањето било отворено и претежно засновано на факти.

Други видови општествено насилство или дискриминација

Немаше пријави за општествено насилство и за изолирани случаи на дискриминација во форма на дискриминација при вработување и спречување на пристап до здравствена грижа на лица со ХИВ или СИДА.

Македонија

Дел 7. Работнички права

а. Правото на здружување

Законот обезбедува право да се формираат и здружуваат независни синдикати без претходно одобрение или претерани дополнителни побарувања и работниците тоа го практикуваа.

Синдикатите може слободно да се регистрираат во Министерството за труд и социјална политика. Повеќе од 50 проценти од законски вработените лица беа здружена во синдикати, а синдикатите беа особено добро застапени во јавниот сектор. Имало две главни федерации на синдикати, Конфедерацијата на синдикати на Македонија (ССМ) и Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС). Неколку синдикати не бда вклучени во ниту една од двете конфедерации и тоа, синдикатот на новинарите, полициски службеници, земјоделци, вработените од финансискиот сектор и вработените од здравствениот сектор.

Законот обезбедува право на штрајк и вработените, вклучително и државните службеници, го практикувале ова право. Законот им дозволува ограничено право на штрајк на членовите на армијата и полицијата. За време на штрајк, законите дозволуваат работодавачите да „исклучат" или привремено да ослободат од работна должност до 2 проценти од работниците за кои веруваат дека се потенцијално насилни. Овие работници повторно би биле ангажирани по штрајкот. Синдикатите тврделе дека оваа одредба им дозволува на работодавачите да исклучуваат лидери на синдикати од преговори за време на штрајк. Доколку штрајкот се декларира за незаконски, учесниците може да се соочат со отказ или тужби за оштета.

б. Право на колективно организирање и договор

Законот дозволува синдикатите да функционираат без мешање однадвор, меѓутоа владата не секогаш ги применувала овие закони во пракса. Законот го штити правото на колективно договарање и повеќето синдикати имаа склучено колективни договори. Меѓутоа, законот бара синдикатите да застапуваат најмалку 33 проценти од работниците или работодавачите за да може да преговара за вакви договори. Сите законски вработени лица биле покриени со колективни договори во јавниот или приватниот сектор. Иако имало колективното договарање, вработените имале многу малку практична преговарачка моќ поради слабата економска моќ на државата и многу договори не успеале да одржат чекор со промените во државата и работната средина.

Законот забранува дискриминација против синдикатите, но истата постоеше. Во некои случаи поранешни вработени

обвинуваа дека приватни компании отпуштале лица заради учество во синдикални активности, иако компаниите вообичаено наведувале други причини за отпуштањата. Поради бавноста на правосудниот систем, на неправедно отпуштен работник би му требале од две до три години за да се врати на работа врз основа на судска одлука.

Повремено се говорело дека работодавачите се вклучуваат во внатрешните работи на синдикатите преку доминирање врз изборните кампањи на синдикати или кандидирање сопствени кандидати на изборите.

Имало само една извозна производствена зона каде во оваа година две странски компании почнале да функционираат, а неколку други компании биле во процес на градење фабрики. Во зоната немало посебни закони или изземања од општиот закон за работни односи.

в. Забрана на принудна или задолжителна работа

Законот забранува принудна или задолжителна работа, вклучително и на деца, но принудната работа постоела.Во неколку случаи биле поднесени кривични пријави за принудна работа. Жени и деца биле тргувани со цел за нивна сексуална експлоатација и принудна работа во секторот услуги. Ромските деца биле особено подложни на трговија за принудно просење пари, што пак најчесто се одвивало на главните крстосници, улични ќошови и ресторани.

г. Забрана на детски труд и минимална возраст за вработување

Постојат закони и политики кои ги штитат децата од експлоатација на работно место, вклучително и забрана за принудна или задолжителна работа. Законот одредува затворска казна од најмалку осум години за лице кое купува, продава, чува или зема деца или малолетни лица со цел нивна експлоатација.

Минималната возраст за вработување е 15 години. Деца на 14 годишна возраст може да работат како чираци или како дел од официјална образовна програма. Законот забранува вработување малолетни лица под 18 годишна возраст на работно место кое е штетно за нивното физичко или психичко здравје и морал. Исто така, законот забранува малолетните лица да работат ноќе или повеќе од 40 часа неделно.

Во текот на годината немаше официјални пријави за незаконско користење детски труд, но постоја докази дека детски труд бил користен во сивата економија, првенствено на деца кои проселе

и продавале цигари и помали производи на отворен пазар, на улици, во барови или ресторани, понекогаш и ноќе. Децата вклучени во овие активности првенствено беа Роми и најчесто работеа за своите родители. Надлежните органи не ги казнуваа овие прекршоци и децата остануваа подложни на експлоатација. Извештај од 2005-06 година финансиран од Детскиот фонд на ОН проценува дека околу 500-1000 деца биле вклучени во вакви активности.

Министерството за труд и социјална политика беше надлежно за извршување на законите кои го регулираат вработувањето на деца. Владините напори да го елиминираат принудното просење на деца во голема мера не вродија со резултат, па иако неопходните закони постојат истите беа многу малку применувани.

Во текот на годината Министерството за труд и социјална политика обезбеди финансиска поддршка за два центри во Скопје кои обезбедуваа образовни, медицински и психолошки услуги за деца кои просат на улица. Невладините организации со владина поддршка отворија два дополнителни центри за деца во Скопје. Меѓународните донатори поддржаа програми за превенција на децата од просење на улица и зголемување на стапката на деца кои се подложни на ризик од таква работа да посетуваат училиште.

д. Прифатливи услови за работа

Државата нема со закон утврдена минимална плата. Според официјалната статистика, просечната месечна нето плата до септември изнесувала 20.044 денари (400 долари), што не обезбедило пристоен стандард на живеење за работникот и семејството. Државниот завод за статистика процени дека околу 28,7 проценти од населението живеело под прагот на сиромаштија во 2008 година, што е последната година за која постојат податоци.

Законот утврдува работна недела од 40 работни часа со миминален период за одмор од 24 часа, како и годишен одмор и боледување. Вработените не може законски да работат повеќе од 10 часа неделно прекувремена работа, 20 часа месечно или 190 часа годишно. Според колективниот договор на владата и ССМ, вработените имаат право на надомест за прекувремена работа од 135 проценти од редовната плата. Во дополнување, вработените кои работат повеќе од 150 часа годишно прекувремена работа имаат право на бонус во вредност од една месечна плата. Меѓутоа, високата стапка на невработеност и тешките економски услови дозволиле многу работодавачи да ангажираат работници без да го почитуваат законот. Особено, малите бизниси често барале од вработените да работат подолго од законските

ограничувања на работното време. Во текот на годината трудовиот инспекторат на Министерството за труд и социјална политика поднесе пријави против неколку приватни бизниси за принудување работници да работат долги часови, без паузите пропишани со закон и поради непријавување на сите вработени. Во случај на такви прекршоци, трудовите инспектори имаат овластување да ја затворат фирмата се додека не се отсранат прекршоците. Во случаи на повторен прекршок, сопствениците може да бидат парично казнети. Во текот на годината властите привремено затвориле повеќе од 1.000 компании заради повреда на прописите и поради непријавување на вработени. Немаше податоци за бројот на казнети работодавачи.

Министерството за труд и социјална политика не ги применуваше законите и регулативите за безбедност на вработените на доволно конзистентен начин. Иако работниците имаат право да се отстранат себеси од ситуации кои ја загрозуваат нивната здравствена или безбедносна положба без опасност по нивното идно вработување, работодавачите во пракса не секогаш го почитувале ова право.